**20241803166**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 49 став (5) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 август 2024 година, донесе

# УРЕДБА ЗА НАЧИНОТ, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ АВИОПРЕВОЗНИЦИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВИ ОД КОРИСНИЦИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Член 1
**Предмет**

Со оваа уредба се уредуваат начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка.

Член 2
**Цел и начела**

Целта на оваа уредба е да се овозможи побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија преку утврдување еднаков пристап, транспарентност во постапката за доделување на финансиска поддршка, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите во воздушниот сообраќај.

Доделувањето на финансиската поддршка се врши во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност и ефикасност.

Член 3
**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следното значење:

1. „Финансиска поддршка“ се финансиски средства кои се доделуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија на домашни и странски авиопревозници.
2. „Договор за финансиска поддршка“ е договор склучен помеѓу давателот на финансиската поддршка, од една страна и барателот на финансиската поддршка, од друга страна, а чиј предмет е доделување на финансиска поддршка согласно со оваа уредба.
3. „Јавен повик“ е постапка за доделување финансиска поддршка во која сите авиопревозници можат да поднесат барање за доделување на финансиска поддршка.
4. „Документација за барање“ е збир на документи и информации кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на барањето за доделување финансиска поддршка.
5. „Давател на финансиска поддршка“ е Владата на Република Северна Македонија.
6. „Барател на финансиска поддршка“ е секој авиопревозник кој доставил барање за доделување финансиска поддршка.

7. „Корисник на финансиска поддршка“ е барателот на финансиска поддршка кој склучил договор за финансиска поддршка.

8. „Барање“ е предлог од барателот на финансиската поддршка изготвен врз основа на документацијата за барање кое претставува основа за доделување на финансиска поддршка.

9. „Прифатливо барање“ е барање кое е поднесено во утврдениот рок и за кое е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од документацијата за барање и одговара на сите критериуми, услови и евентуални барања за способноста на барателите.

10. „Нова дестинација“ е аеродром кој не бил опслужуван со редовен воздушен превоз во последните две ИАТА сезони од/до „Меѓународен аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

11. „ИАТА“ е меѓународна асоцијација за воздушен сообраќај.

12. „ИАТА сезона“ е дел од календарската година која се однесува на летен и зимски ред на летање на начин пропишан од ИАТА и

13. „Авиопревозници“ се превозници кои вршат редовен јавен воздушен превоз и имаат важечко уверение за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз (АОС - Air Operator Certificate) издадено од надлежен орган.

Член 4

**Финансиска поддршка**

Финансиската поддршка се доделува согласно член 49 од Законот за воздухопловство за средствата утврдени во Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2025-2027 година, преку Министерството за транспорт.

Доделувањето на финансиска поддршка ќе трае се до искористување на средствата од Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година.

**Член 5**

**Начин на доделување финансиска поддршка**

Доделувањето на финансиската поддршка се врши по пат на јавен повик за финансиска поддршка, организиран и спроведен согласно оваа уредба.

Член 6

**Комисија за спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка**

Постапката за доделување на финансиска поддршка ја подготвува, организира и спроведува Комисија за спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од страна на министерот за транспорт.

Комисијата се состои од претседател и четири члена и нивни заменици.

За претседател на Комисијата и негов заменик се назначуваат лица од Министерството за транспорт, а за членови и нивни заменици се назначуваат две лица од редот на вработените во Министерството за транспорт и по едно лице од Министерството за култура и туризам и Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Во работата на Комисијата може да учествуваат и надворешни стручни лица за што изготвуваат извештај кој е составен дел на извештајот за евалуацијата.

Надворешните стручни лица и помагаат на Комисијата при еваулацијата на барањата, а за својата работа изготвуваат извештај кој го доставуваат до Комисијата и истиот е составен дел од извештајот на Комисијата за извршената евалуација од спроведената постапка.

Членови на Комисијата не можат да бидат лица кои:

- се во брачна врска, роднинска врска до второ колено или се поврзани со посвојување или старателство со барателот, со неговиот законски полномошник, а во случаите кога барателот е правно лице и со членови на неговите управни, надзорни или други органи и раководни тела,
- во текот на последните три години биле вработени или биле членови на органите на управување на барателот или
- се во друг законски или фактички однос со барателот.

Комисијата работи во полн состав и одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 7

**Работни задачи на Комисијата**

Комисијата ги врши следните работи:

- подготвување на документација за барање и јавниот повик,
- објавување на јавниот повик,
- организирање на приемот на барањата,
- давање на појаснувања и доставување дополнителни информации и документи,
- разгледување, оценување и рангирање на дестинациите од барањата и давање предлог за корисниците со кои ќе се склучат договори за финансиска поддршка,
- вршење на работи потребни за спроведување на постапката согласно оваа уредба.

Член 8

**Содржина на документацијата за барање**

Комисијата го објавува јавниот повик во рок не подолг од 10 работни дена од денот на влегувањето во сила на актот за формирање на Комисијата од страна на министерот за транспорт.

Барателот на финансиска поддршка до Комисијата доставува документација со барање која треба да содржи:

- документ за докажување на личната состојба, професионалната состојба, професионалната дејност, економско-финансиската состојба и техничката или професионална способност,
- доказ за исполнетост на условите за доделување на финансиската поддршка од член 16 од оваа уредба и
- оперативен план кој содржи: нова дестинација, период за бараната финансиска поддршка, датум од кој авиопревозникот ќе отпочне со оперирање на новата дестинација, број на неделни летови, број на планирани превезени патници во заминување и доаѓање, број на понудени седишта, износ на бараната финансиска поддршка по години кој треба да биде реален со реални бројки и ќе биде составен дел од договорот за финансиска поддршка.

Член 9
**Јавен повик**

Комисијата го објавува јавниот повик за доставување на барање за доделување на финансиска поддршка во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во најмалку две домашни и едно странско јавно гласило и на веб страницата на Министерството за транспорт.

Јавниот повик од ставот 1 на овој член особено треба да ги содржи следните елементи:

- предмет на финансиската поддршка,
- начин за доделување на финансиската поддршка,
- рок на валидност на барањата,
- рок, адреса, начин за доставување на барањата,
- јазик на кој треба да бидат напишани барањата.
- докази и документација кои на барателот му се потребни за докажување на личната состојба, професионалната дејност, економско-финансиската состојба и техничката или професионалната способност,
- назначување на критериумите за доделување на финансиската поддршка и
- други податоци кои се однесуваат на предметот на финансиската поддршка.

Член 10
**Рокови**

Јавниот повик трае 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Јавни повици може да се објавуваат сé до искористување на средствата утврдени во Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година.

Член 11
**Начин на доставување на барање**

Барањето за доделување на финансиска поддршка се доставува на начин и во форма утврдени со јавниот повик.

Член 12
**Евалуација на барањата**

Разгледување на пристигнатите барања по објавениот јавен повик, исполнетоста на условите како и евалуација на барањата се врши исклучиво во согласност со условите и критериумите наведени во јавниот повик.

Комисијата ја проверува валидноста и комплетноста на доставената документација од страна на барателите.

Комисијата во текот на разгледување на барањата може да побара од барателите дополнување или појаснување на доставената документација, за што барателите одговараат најдоцна пет дена од приемот на барањето за дополнување или појаснување.

Комисијата по извршената евалуација најдоцна во рок од 60 дена од денот на отварањето на понудите ќе пристапи кон рангирање на нови дестинации од барањата за финансиска поддршка согласно член 15 од оваа уредба и давање предлог за корисниците со кои ќе се склучат договори за финансиска поддршка.

Член 13
**Исклучување на барател**

Комисијата ќе го исклучи барателот на финансиската поддршка кој со правосилна судска одлука е осуден за следниве кривични дела:
- корупција,
- измама и
- перење на пари и други приноси од кривично дело.

Комисијата ќе го исклучи барателот на финансиската поддршка и кога:
- над него е отворена постапка на стечај или ликвидација;
- му е изречена казна за кривично дело или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
- не ги исполнил обврските за плаќање на даноци, придонеси и други јавни давачки во согласност со прописите на државата во која е основан и
- не доставил потполна документација за барање.

Член 14
**Докази**

За утврдување на личната состојба и професионална дејност, барателите треба да приложат потврда или исправа издадена од надлежен судски или административен орган.

За утврдување на економската и финансиската состојба, барателите треба да приложат биланси или изводоци од билансите на состојба и податоци од билансите на успех.

За утврдување на техничката или професионалната способност, барателите треба да приложат:
- доказ за исполнување на условите за вршење на јавен воздушен превоз и
- доказ за реализиран превоз на патници во претходната година.

Член 15
**Критериуми за доделување на финансиска поддршка**

Финансиската поддршка ќе се доделува согласно критериумите за рангирање на новите дестинации и тоа по следниот редослед:
- период на оперирање на дестинацијата;
- број на неделни летови;
- атрактивност на аеродромот, односно аеродром со поголем број на опслужени патници во 2023 година според јавно достапните податоци на аеродромите,
- број на седишта понудени на продажба.

При исти барања согласно критериумите за рангирање на новите дестинации од став 1 на овој член, ќе се примени принципот на првенство при поднесување на барање за доделување на финансиска поддршка.

По извршеното рангирање, Комисијата врши пресметка на потребните средства за секоја нова дестинација согласно планираните трошоци кои авиопревозникот задолжително ги внел во оперативниот план доставен со барањето од член 8 став 2 од оваа уредба и утврдува заклучно со која дестинација од ранг листата ќе го затвори повикот.

Член 16
**Услови кои е потребно да ги исполнат барателите на финансиската поддршка**

За да може да се квалификува како барател на финансиска поддршка, авиопревозникот треба да ги исполни следните услови:

- да има важечко уверение за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз (АОС - Air Operator Certificate);,
- да има превезено, односно опслужено најмалку пет милиони патници во 2023 година,
- да има остварено профит од најмалку 10.000.000,00 (десет милиони) евра во 2023 година.

За да го оствари правото на финансиска поддршка, авиопревозникот треба:

- секоја нова дестинација воведена од/до „Меѓународен аеродром Скопје“ и аеродромот„Св. Апостол Павле“ – Охрид за периодот за кој се доделува финансиската поддршка која е предмет на финансиска поддршка да ја опслужува најмалку два пати неделно во секоја од ИАТА сезоните, односно согласно доставеното барање за финансиска поддршка, по однапред определен ред на летање од нејзиното воведување до завршување на периодот за кој се доделува финансиската поддршка, освен за неделата во која се паѓаат нова година и верските празници католички и православен Божиќ,
- да изработи план за промоција и маркетинг кој може да биде предмет на промени по укажување на давателот на финансиската поддршка,
- на секои шест месеци да доставува Извештај за своето работење до Министерството за транспорт.

Член 17
**Извештај за спроведена евалуација**

Комисијата изготвува Извештај од спроведена евалуација на барањата за финансиска поддршка со рангирани нови дестинации согласно член 15 од оваа уредба и со предлог на корисници со кои ќе се склучат договори за финансиска поддршка. Извештајот од спроведената евалуација го потпишуваат претседателот и членовите на Комисијата.

Член 18
**Решение**

Комисијата по спроведената постапка до министерот за транспорт доставува Извештај од спроведена евалуација на барањата за финансиска поддршка за нови дестинации со предлог на корисници со кои ќе се склучат договори за финансиска поддршка или Извештај од спроведена евалуација со предлог за поништување на постапката.

Министерот за транспорт врз основа на извештајот од став 1 на овој член донесува решение за избор на дестинации и корисници или решение со кое ја поништува постапката, врз основа на предлогот на Комисијата.

Решението од ставот 2 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Решението од ставот 2 на овој член, Комисијата го доставува до сите баратели во рок не подолг од три дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 19
**Правна заштита**

Против решението на министерот за избор на најповолен барател или решението за поништување на постапката не е дозволена жалба, а барателот на финансиска подршка може да поведе управен спор.

Управниот спор не го одложува склучувањето на договор за финансиска поддршка.

Член 20
**Договор**

Договор за финансиска поддршка во име на Владата на Република Северна Македонија го склучува министерот за транспорт во рок од седум дена од денот на донесувањето на решението за избор.

Член 21
**Форма и содржина на договорот**

Договорот за финансиска поддршка се склучува во писмена форма.

Договорот за финансиска поддршка содржи одредби за:

1. целта, предметот и рокот на финансиската поддршка,
2. датумот на влегувањето во сила на договорот за финансиската поддршка,
3. правата и обврските на страните на договорот, вклучувајќи ги и условите и роковите за нивно исполнување,
4. висината, роковите и начинот на плаќање на финансиската поддршка,
5. одговорност за неисполнување на обврските по договорот, условите и начинот на вршењето на надзорот на вршењето на предметот на договорот,
6. начинот на решавање на споровите во врска со договорот кои ќе се решаваат преку арбитража во согласност со Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, каде што бројот на арбитри ќе биде три, постапката ќе се води на македонски јазик, а местото на арбитражата ќе биде во Скопје, Република Северна Македонија и
7. случаи на еднострано раскинување на договорот.

Договорот за финансиска поддршка еднострано може да се раскине во случај кога корисникот на финансиската поддршка не ги исполни обврските од член 16 од оваа уредба.

На договорот за финансиска поддршка соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и други прописи од областа на примена во врска со договорот за финансиска поддршка, доколку со одредбите на оваа уредба поинаку не е уредено.

Член 22
**Износ на финансиската поддршка**

Износот на финансиската поддршка во однос на нова дестинација е во износ од:

- 9 евра по патник во доаѓање во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на барањето за плаќање, за патници превзени до Меѓународен аеродром Скопје“ за новата дестинација и
- 12 евра по патник во доаѓање во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на барањето за плаќање, за патници превзени до аеродромот Св. Апостол Павле“ – Охрид за нова дестинација.

Член 23
**Начин на исплата**

Финансиските средства од член 22 од оваа уредба се исплаќаат месечно, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на барањето од корисникот на финансиската поддршка до Министерството за транспорт.

Барањето за исплата од став 1 на овој член, содржи детални податоци за исплатените средства на корисникот на финансиска поддршка кон операторот на аеродром по одделна дестинација, кои може да бидат предмет на проверка од страна на давателот на финансиската поддршка.

Член 24
**Завршни одредби**

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.249/22).

Член 25

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7730/6
29 август 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Александар Николоски,** с.р.